РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
Komisioni i marrëdhënieve me bashkësitë fetare dhe me grupet e bindjeve
СКОПЈЕ SHKUP
Бр. Nr. 01-720/1
26.12. 2025 год. viti
СКОПЈЕ SHKUP

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2026 ГОДИНА

КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2026 година е изготвен согласно нацрт Стратешкиот план за периодот 2026-2028 година арх.бр. 01-499/1 од 29.08.2025 г., Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Сл. весник на Република Македонија“, бр. 124/08 и 58/18 и „Сл. весник на РСМ“, бр. 223/19), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа („Сл. весник на Република Македонија“, бр. 22/15 и „Службен Весник на РСМ“, бр. 229/19), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа од Седницата на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10.07.2018 година („Сл. весник на Република Македонија“, бр. 131/18), Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година објавена на 26.8.2024 г. (Сл. весник на РСМ бр. 177/2024), Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на РСМ бр. 121 од 10.06.2024 г.) и Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 г. (Сл. весник на РСМ бр.253/2025 од 17.12.2025 г.), како и Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група (Сл. весник на Република Македонија бр.113/07 од 20.9.2007 г.).

Годишниот план за 2026 година содржи **една програма и една потпрограма,** кои се во функција на остварување на целите на програмата и потпрограмата и нивната поврзаност со стратешките приоритети и приоритетните цели на органот на државната управа.

2. ПЛАН ЗА РАБОТА

А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа

ПРОГРАМА: Стабилно и функционално мултиконфесионално општество

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:

1. Стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2026г.:

- ***„ Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото“***
- ***„Интеграција на РСМ во Европската унија “***

Поврзаност со приоритетот и приоритетните цели на органот на државната управа:

- **Заштита на начелото на секуларност и унапредување на верските слободи и права како основа за стабилно, инклузивно и демократско општество.**

Цел на програмата:

- Заштита на начелото на секуларност и унапредени верски слободи и права;
- Континуирана сервисна ориентација кон верските заедници и афирмирање на воспоставената соработка;
- Промоција на културните и верските вредности во Република Македонија и на меѓународно ниво, негување на добрососедски и билатерални односи.

Показатели за успешност:

- Број на реализирани истражувања/ студии на важни прашања од верската сфера;
- Број на реализирани тркалезни маси, семинари, издадени публикации, одржани изложби и други културни и научни настани во 2026 г., 2027 г. и 2028 г.;
- Број на одбележани годишнини и јубилеи, промоции на дела од верската сфера
- Број на организирани лидерски средби и меѓурелигиски проекти, договорно-консултативни средби со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи за унапредување и заштита нивните права;
- Број на решени прашања за тековните потреби на верските субјекти и други прашања од областа на заштита на културното верско наследство на верските субјекти;
- Број на преземени иницијативи за унапредување на меѓународната соработка и билатералните односи во регионот.

ПОТПРОГРАМА 1: Постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции

Цел на потпрограмата:

- **Заштита на начелото на секуларност и унапредени верски слободи и права;**
- **Континуирана сервисна ориентација кон верските заедници и афирмирање на воспоставената соработка;**
- **Промоција на културните и верските вредности во Република Македонија и на меѓународно ниво, негување на добрососедски и билатерални односи.**

Показател за успешност:	**Појдовна основа:**	**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**
• Спроведени и анализирани истражувања/студии за важни прашања од верска природа;		• Обезбедени статистички податоци за актуелната состојба во верската област;
• Одбележени значајни настани, јубилеи и личности од верската област;		• Зголемено ниво на афирмација на верската култура преку реализација на најмалку 3-5 настани на годишно ниво.
• Воспоставена платформа за стручен дијалог и размена на искуства кои придонесуваат кон градење на заеднички ставови за прашања од верската и општествената сфера;		• Обезбедена платформа за меѓурелигиски дијалог и зајакната соработка со научната јавност преку размена на експертски мислења и заклучоци.
• Остварени билатерални средби и реализирани регионални иницијативи со сродни институции.		• Обезбеден континуитет во регионалната соработка преку воспоставени партнерства и примена на меѓународни искуства во македонското општество.
• Реализирана програма на манифестацијата и учество на државно-црковна делегација.		• Континуитет во афирмацијата на македонскиот духовен и културен идентитет на меѓународно ниво.
• Успешно реализирани проекти и воспоставени проектни партнерства.		• Унапредена соработка помеѓу верските субјекти и зајакната позиција на државата како промотор на меѓурелигиски дијалог.

• Реализиран процес на издавање и промоција на публикации со верска тематика. • Реализирани проектни модули (работилници, средби, посети и сл.) и ниво на вклученост на целните групи. • Континуитет во одржувањето на средбите и ниво на усогласеност за прашања од заеднички интерес. • Целосно опремен галериски простор и јавно достапна поставка на архивски материјали. • Изготвен предлог за измена на Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група. • Реализиран свечен предновогодишен прием со присуство на верски и државни претставници и доделено признание „Вељо Манчевски“.		• Обезбедена достапност на стручна литература за значајни личности од македонската духовна историја до поширокатa јавност. • Обезбедена одржливост на меѓурелигискиот дијалог и намалување на потенцијалните девијантни појави и предрасуди преку директна соработка. • Зајакната институционална соработка и кохезија помеѓу верските лидери како основа за стабилно и функционално мултиконфесионално општество. • Обезбедено професионално чување и презентација на значајни документи кои го сведочат верскиот и институционалниот континуитет. • Унапредена законска регулатива која нуди современи решенија за актуелната состојба во верската сфера на македонското општество. • Континуирано одржување на традицијата за промоција и признание на исклучителни придонеси во верската сфера и зајакнување на угледот на институцијата.

Мерки	Активности	Временска рамка за спроведување					
		Квартал 1	Квартал 2	Квартал 3	Квартал 4	Финансиски средства	Организациски облик/лице
1.	Истражувања/студии на актуелна тема од верска природа					40.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
2.	Одбележување на годишнини и јубилеи					150.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
3.	Организирање и учество на конференции, симпозиуми, панел дискусии, тркалезни маси и семинари					200.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
4.	Воспоставување и продлабочување на билатерална соработка со сродните институции од регионот					150.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
5.	Одбележување на Св. Кирил и Методиј во Рим и Евалген					150.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
6.	Реализација на национални и интернационални проекти за меѓурелигиска соработка					120.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
7.	Издавање и промоција на публикации со верска тематика					150.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи

8.	Реализација на проект за меѓурелигиска соработка „Градиме мостови“					60.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
9.	Организирање лидерски средби					60.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
10.	Оспособување и уредување „Галерија за архивски документи и предмети“ во просториите на КОВЗРГ					37.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
11.	Изработка на промотивни видеа, кратки документарни филмови и аудио записи со верска тематика					12.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
12.	Предлог за измена на Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група					25.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
13.	Новогодишен прием и доделување на годишно признание „Вељо Манчевски“					300.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
Вкупен број на активности во 2026 година: 13						**Вкупен износ на потребни средства: 1.454000**	

Б. Иницијативи на органот на државната управа утврдени во Годишната програма за работа на Владата

Иницијатива	Временска рамка за подготвување					
	Квартал 1	Квартал 2	Квартал 3	Квартал 4	Финансиски средства	Организациски облик/лице

В. Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА :

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи со реализација на предвидениот Годишен план за јавни набавки за 2026 година и Годиниот план за вработување за 2026 година ќе обезбеди спроведување на планираните проекти и исполнување на основни услови за работа на институцијата.

Показател за успешност: Висок степен на реализација на планираните набавки (над 90%) и реализирано вработување за 2026 година.

Активност	Временска рамка за извршување					
	Квартал 1	Квартал 2	Квартал 3	Квартал 4	Финансиски средства	Организациски облик/лице
ЈН за услуги од авторска агенција					350.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
ЈН за печатење на публикации					150.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
ЈН за набавка на гориво за службеното возило					100.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи

Активност	Временска рамка за извршување					
	Квартал 1	Квартал 2	Квартал 3	Квартал 4	Финансиски средства	Организациски облик/лице
Пополнување на 1 работно место					585.000	Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи

Директор

Оливера Трајковска

Подготвила: Наташа Ниќифоровиќ